РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 08-452/1
25-03-2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за воздухопловство (Сл.Весник на Р.М бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14,152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе:

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**ОДБ :** 2019-001

**Издадена:** 25.03.2019г.

**Ефективна од:** 25.03.2019г 12:00 UTC

**Замена:** Не е применливо

---

**Применливост:**
Сите оператори кои имаат одобрение, да вршат операции во комерцијалниот воздушен превоз со Boeing 737–8 'MAX' или 737–9 'MAX'.

**Дефиниција:**
За потребите на оваа Оперативна директива за безбедност (ОДБ), се применуваат следните дефиниции:

Нема

**Причина**:
Поттикната од несреќата со смртни последици на авионот Boeing 737–8 'MAX', за која точните причини се уште се истражуваат, Сојузната управа за воздухопловство (Federal Aviation Administration - FAA), која ја претставува земјата на проектирање на засегнатите авиони, издаде Итна AD 2018-23-51 (подоцна заменета со Конечен пропис AD) со цел да се побараат одредени измени на прирачникот за летање на авионот (AFM) во врска со ограничувањата на тримувањто на хоризонталниот стабилизатор и процедурите.

Од таа несреќа се случи уште една несреќа со смртни последици. Во оваа рана фаза на истрагата поврзана со несреќата, не може да се исклучи дека слични причини можеби допринеле и за двете несреќи. Веднаш по вториот настан, FAA издаде CANIC 2109–03, во кој дава информации во врска со напредокот на подготовката на активности за ублажување.

Врз основа на сите расположливи информации, Европската Агенција за безбедност во Авиосообраќајот (European Aviation Safety Agency – EASA) смета дека можеби се потребни дополнителни активности со цел да се обезбеди континуираната пловидбеност на двата погодени модели (Boeing 737–8 'MAX' и Boeing 737–9'MAX').

Заради овие причини, во очекување на расположливост со повеќе информации, EASA одлучи да издаде Итна Директива за пловидбеност (AD No: 2019-0051-E) и Безбедносна директива (SD No: 2019-01) и да побара привремено укинување на летање во комерцијалниот воздушен превоз за двата погодени модели во рамките на, или надвор од територијата која е предмет на одредбите на Договорот за Европската унија.

**Врз основа на горенаведените причини и издадените директиви од EASA, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија ја издава оваа Оперативна директива за безбедност.**

**Потребна активност и време на придржување:**
Од денот и времето на влегување во сила на оваа ОДБ, не смее да се вршат летови во комерцијалниот воздушен превоз со Boeing 737–8 'MAX' или Boeing 737–9'MAX' во воздушниот простор на Република Северна Македонија.

Забелешка: Некомерцијалните операции (пр:поединечни некомерцијални технички летови можат да се извршат за враќање на воздухопловите до базата односно местото каде што корективните акции кои се очекуваат може да се остварат) не спаѓаат во опсегот на ова ОДБ.

**Забелешки:**

1. Резултатите од проценатa на безбедноста укажаа на потребата од итно издавање и известување, без целосна постапка на консултации.
2. Прашањата во врска со оваа ОДБ треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство.
   Електронска пошта: е – mail:info@caa.gov.mk

Со почит,

**д-р Томислав Тунтев**
**Директор**